# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „БАНКАРСКИТЕ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТКИ НА ЕУ ВО УСЛОВИ НА ЕВРОПСКАТА ДОЛЖНИЧКА КРИЗА“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 0702-169/18 од 81. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 8.7.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Томе Неновски Универзитет Американ колеџ – Скопје;
- доц. д-р Крсте Шајноски – Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (монографија) **„БАНКАРСКИТЕ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТКИ НА ЕУ ВО УСЛОВИ НА ЕВРОПСКАТА ДОЛЖНИЧКА КРИЗА “од авторот** доц. д-р Виолета Маџова, наменета за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, но и за студентите на останатите факултети во Република Македонија, каде што се слушаат предмети кои ја опфаќаат проблематиката на банкарство и финансии.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Општи податоци за ракописот

Изработката на монографијата „Банкарските системи на земјите-кандидатки на ЕУ во услови на европската должничка криза“ од авторот доц. д-р Виолета Маџова е предвидена со Годишниот план за издавачка дејност на УГД за учебната 2013/2014 година и таа ќе биде издадена во форма на електронска публикација во рамките на универзитетската електронска библиотека.

Таа публикација ќе им послужи како дополнителна литература на студентите на прв циклус студии на Економски факултет – Штип, која е наменета за подготовка на неколку предмети на студиските програми Финансиски менаџмент и Банкарство, финансии и осигурување:

1. *Банкарство (петти семестар, 3+2+2)* - задолжителен предмет;
2. *Банкарски менаџмент (шести семестар, 3+2+2 )* - задолжителен предмет;
3. *Меѓународни финансии (седми семестар, 2+1+1)* - изборен предмет.

Покрај тоа, монографијата ќе послужи како основна и дополнителна литература за студентите од *втор циклус студии* на програмата *Финансии и банкарство*, по предметите: Комерцијално и инвестиционо банкарство и Банкарски ризици.

### Податоци за обемот ракописот

Ракописот содржи 237 страници, со 57 табели и над 90 графикони, поголем број студии на случаи и примери, со кои на студентите им се овозможува полесно да ги разберат специфичностите на проблематиката што е изложена во трудот. На последните неколку страници се сместени над стотина релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката од ракописот. Трудот е пишуван во А-4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman и големината на буквите 12. Сметаме дека обемот на трудот, опфатената литература и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број наставни часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на УГД.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Публикацијата обработува многу актуелна проблематика, која сè повеќе ги преокупира вниманието и интересот на академската средина низ светот. Во Република Македонија не е објавена таква публикација со ист или сличен наслов и содржина. Трудовите на таа тема штотуку се појавуваат, а предметната монографија е прва која на посеопфатен начин ја третира предметната проблематика. Поради тоа, сметаме дека со издавањето на оваа публикација ќе се покрие празниот литературен простор кој се однесува на анализа на функционирањето на банкарските системи во време на криза, што во голема мера ќе ги задоволи и потребите на студентите на Економскиот факултет при УГД и надвор од него за сознавање причини за појавата на една од најголемите банкарски кризи во историјата на човештвото и на начините со кои банките во одделни земји, а особено во земјите чијашто судбинска дестинација е Европската унија, се соочуваа(т) со кризата и со нејзините последици.

**Краток опис на содржината**

Содржински, трудот е конципиран во четири поглавја. Во секое од нив се анализирани одредени аспекти на европската должничка криза и ефектите што таа ги имаше и ги има врз банкарските системи на земјите-кандидатки за членство во ЕУ. На крајот се дадени заклучни согледувања, при што авторот изнесува свои видувања за сличностите и спецификите на секој од анализираните банкарски системи и реперкусиите кои европската должничка криза ги имала врз одредени аспекти на нивното работење.

Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици (поглавја).

**Во првото поглавје** со наслов **„***Должничката криза во Европа - продолжение на глобалната финансиска криза или специфичен европски феномен?“* се презентирани карактеристиките на европската должничка криза, детално се анализирани причините за појавата на таа криза, како и еволуцијата на европската должничка криза. Притоа се презентирани одредени проблеми кои се јавиле и кумулирале во еврозоната далеку пред појавата на знаците на глобалната финансиска криза, кои потоа им даваат специфичен белег и облик на појавата и развојот на европската должничка криза. Во истото поглавје, со цел да се истакнат спецификите на должничката криза во одделни земји од еврозоната кои беа најмногу погодени од неа, се анализирани и презентирани пет студии на случај, односно детално се анализирани факторите кои доведоа до појава и развој на должничката криза во Грција, Ирска, Португалија, Шпанија и Кипар. Сите тие земји имаат различна големина, различна економска моќ, како и различни причини за зголемување на нивниот јавен долг до огромни размери, заради што беше неопходна интервенција од страна на Европската комисија, ММФ и Светската банка за санирање на проблемите со големината на нивниот јавен долг. Покрај тоа, во тоа поглавје се презентирании мерките, инструментите и механизмите кои беа воведени за ублажување на ефектите од должничката криза, како и редовните и вонредните мерки на Европската централна банка за помош на земјите од еврозоната. Во таа смисла се анализирани структурата и механизмите на дејствување на Европски инструмент за финансиска стабилност (European Financial Stability Facility - EFSF), Европски механизам за финансиска стабилност (European Financial Stability Mechanism - EFSM) и Европски механизам за стабилност (European Stability Mechanism – ESM). На крајот на тоа поглавје е анализирано влијанието што должничката криза го имаше врз банкарските системи на земјите на ЕУ, а посебно на банкарските системи на земјите од еврозоната.

Во **второто поглавје** со наслов *„Земјите-кандидатки на ЕУ во услови на европската должничка криза“* најнапред се презентирани основи показатели за земјите-кандидатки за членство во ЕУ и начинот на стекнување на статус на земја-кандидат со временски пресек до 2013 година (време кога е работен предметниот труд). Во таа смисла се анализирани состојбите со задолженоста и финансиска стабилност на следните земји: Исланд,

Македонија, Турција, Хрватска, Црна Гора и Србија. И покрај тоа што Хрватска, во меѓувреме, стана членка на ЕУ, нејзиниот банкарски систем е обработуван поради слични или исти услови во кои ги дочека почетоците и првите години на развој на европската должничка криза. Од друга страна Албанија, која се стекна со статусот кандидат за членство во ЕУ во 2014 година, не е земена предвид, бидејќи во тој период предметната монографија веќе била во завршна фаза.

Во продолжение на второто поглавје детално се анализирани предизвиците за финансиската стабилност на земјите-кандидатки за членство во ЕУ. Споредбено, по земји, анализирани се проблемите кои се покажаа како клучни за одржување или воспоставување финансиска стабилност. Понатаму, во детали се анализираат: макроекономскиот амбиент на секоја земја одделно и одредени аспекти кои би значеле загрозување на финансиската стабилност на секоја од земјите-кандидатки.

Во **третото поглавје** со наслов *„Карактеристики на банкарскиот сектор во земјите-кандидатки на ЕУ во периодот на европската должничка криза“* за секоја од шесте земји - кандидатки за членство во ЕУ е направена детална анализа на нивните банкарските системи, односно нивната структура, актива и пасива на агрегатна основа, како и анализа на нивната ликвидност, профитабилност, адекватност на капиталот и ризичност на нивните кредитни портфолија, со особен осврт на кредитниот, девизниот, каматниот и другите позначајни појавни банкарски ризици. Притоа, секој од тие аспекти е анализиран за период од 2009 до 2012 година, со евентуални најавувања за движењата во 2013 година.

Во **четвртото поглавје** со наслов *„Компаративна анализа на одредени аспекти од банкарските системи на земјите- кандидатки на ЕУ“* е направена споредбена анализа на ликвидноста, ризичноста, профитабилноста и солвентноста на банкарските системи во разгледуваниот период 2009 - 2012 година за сите земји-кандидатки за членство во ЕУ. Од направените споредби се извлечени одредени заклучоци кои се презентирани во **заклучните согледувања** на крајот на публикацијата.

Согласно со горните наводи, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот (монографијата) „Банкарските системи на земјите-кандидатки на ЕУ во услови на европската должничка криза“ од авторот доц. д-р Виолета Маџова претставува широкоопфатна анализа и приказ на проблемите на должничката криза во Европа и ефектите што таа ги имаше врз банкарските системи на земјите-кандидатки за членство во ЕУ. Во трудот особено е нагласен фактот дека и покрај бројните проблемите со кои се соочија постојните земји- членки на ЕУ, не стивнаа аспирациите на одделни земји од европскиот континент за членство во големото семејство на Европската унија, при што процесот на европеизација на нивните економии сè повеќе беше нагласуван.

Поради големината и неизвесноста на последиците на економската криза, како и опасноста од прелевање на кризата во економиите на земјите-кандидатки за членство во ЕУ, најмногу преку финансиските текови обезбедени од страна на нивните банкарски системи, од особена важност е да се анализираат ефектите што должничката европска криза ги има или би можела да ги има врз земјите кои го чекаат својот влез во Европската унија или, уште поконкретно, да се анализираат ефектите што должничката криза ги има врз финансиската стабилност и ефикасноста на нивните банкарски системи.

Тие теоретски и практични проблеми авторот на монографијата успева многу аналитично и опсежно да ги разработи и презентира, што на трудот му го дава потребното ниво на квалитет и актуелност. Со такви вредности на трудот, сметаме дека издавањето на оваа публикација ќе даде голем придонес во соодветниот дел од високообразовниот

процес на Економски факултет при УГД и на сите останати високообразовни институции во земјата, а неспорно е дека тој труд ќе ја биде интересно четиво за пошироката стручна и за останата јавност во земјата.

Врз основа на претходно изнесеното, со задоволство на Наставно - научниот совет на Економски факултет при УГД му предлагаме **монографијата** со наслов „*Банкарските системи на земјите-кандидатки на ЕУ во услови на европската должничка криза*“ од авторот доц. д-р Виолета Маџова **да ја одобри за издавање.**

**Рецензенти**

**Проф. д-р Томе Неновски, с.р.**

**Доц. д-р Крсте Шајноски, с.р.**